**Date:** October 7th, 2008
**Source:** kurir.com.mk





## Обука за користење на ИПА фондовите

ВТОРНИК, 07 ОКТОМВРИ 2008 08:38

Четиридневна обука во склоп на подготовките на земјите од Западен Балкан за користење на Европските фондови (ИПА II – Прекугранична соработка), ќе започне денеска во Скопје.

Обуката е дел од регионалниот проект „Јакнење на институциите за прекугранична соработка“ (CBIB Cross Border Institution Building), финансиран од Европската Унија , во соработка со Министерството за локална самоуправа.

Предвидено е обуката да ја посетуваат 20 лица од владините институции вклучени во реализација на ИПА II фондовите, како и нивните колеги од Албанија.

Целта на обуката е, да ги подготви државните институции од Македонија и Албанија за реализација на ИПА II повеќе годишните (2007-1013) прекугранични програми, за подготвување на проекти, поднесување проектни предлози за грантови, како и за работење со потенцијални апликанти за користење на грантовите. /макфакс/

http://www.kurir.com.mk/index.php/vesti/makedonija/4695-obuka-za-koristenje-na-ipa-fondovite